УНИБанка АД Скопје
Бр. 0202/2-64/2025
06.05.2025 год.
Скопје

Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 06.05.2025 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Се менува и дополнува Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со следното:

1. Се менува тарифен број 2.4 Пакети за интернет и мобилна апликација. Во став 2.4.1, став 2.4.2 и став 2.4.3 се менуваат називите на пакетите за правните лица. Надоместокот и вклучените услуги остануваат идентични. Вооедно во пакетот Е-Пакет+ (со новиот предлог L) се допрецизира во услугата 3 кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евра во странство, каде што се врши дополнување со терминот SHA трошок. Тарифните броеви ќе гласат:

| Тарифен број | Опис |
|---|---|
| 2.4. | **Пакети за интернет и мобилна апликација** |
| 2.4.1. | Е - Пакет М - за клиенти со денарско работење |
| 2.4.2. | Е – Пакет L + - за клиенти со денарско и девизно работење<br><br>-3 кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евра во странство со SHA трошок |
| 2.4.3. | Е - Пакет S за клиенти со денарско работење |

Со цел да се запази растечки редослед на називите и надоместокот на пакетите, ставовите се ротираат на следниов начин:

- Став 2.4.3 станува став 2.4.1
- Став 2.4.1 станува 2.4.2 и
- Став 2.4.2 станува став 2.4.3

2. Се менува тарифен број 2.4 Пакети за интернет и мобилна апликација и се дополнува со ставовите 2.4.4 и 2.4.5, во кои се дефинираат нови пакети за правни лица. Тарифните броеви ќе гласат:

| Тарифен број | Опис | Надоместок |
|---|---|---|
| 2.4. | **Пакети за интернет и мобилна апликација** | **МКД** |
| 2.4.4. | Е – Пакет XL - за клиенти со денарско и девизно работење:<br>- Месечен надоместок за одржување на платежна сметка-без надоместок; | 2.990 мкд |

| | | |
|---|---|---|
| | - Преглед за УЈП-без надоместок;<br>- Изготвување на мкд изводи-без надоместок;<br>- Неограничени кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката – без надоместок;<br>- 100 кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за малите плаќања-КИБС;<br>- 10 кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за плаќања во реално време-МИПС;<br>- Неограничени приливи од странство;<br>- 5 кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евро во странство; со SHA трошок по надоместок од 550 мкд<br>- 5 кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евро во странство; со OUR трошок по надоместок од 1.550 мкд<br>- Интернет и мобилна апликација-без надоместок;<br>- Издавање на бизнис дебитна картичка-без надоместок;<br>- Уплата на дневен промет cash in-без надоместок | |
| 2.4.5. | Е – Пакет XXL - за клиенти со денарско и девизно работење:<br>- Месечен надоместок за одржување на платежна сметка-без надоместок;<br>- Преглед за УЈП-без надоместок;<br>- Изготвување на мкд изводи-без надоместок;<br>- Неограничени кредитни трансфери во земјата во корист на сметка во банката – без надоместок;<br>- 500 кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни | 7.990 мкд |

| | | |
|---|---|---|
| | услуги, преку платен систем за малите плаќања-КИБС;<br>- 20 кредитни трансфери во земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, преку платен систем за плаќања во реално време-МИПС;<br>- Неограничени приливи од странство;<br>- Неограничени кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евро во странство; со SHA трошок по надоместок од 550 мкд<br>- Неограничени кредитни трансфери во евра и/или валута различна од евро во странство; со OUR трошок по надоместок од 1.550 мкд<br>- Интернет и мобилна апликација-без надоместок;<br>- Издавање на бизнис дебитна картичка-без надоместок;<br>- Уплата на дневен промет cash in-без надоместок | |

Образложение: Двата нови пакета се воведуваат со цел на конкурентска предност на пазарот, привлекување на нови клиенти и зголемување на клиенската база.

Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Промените со оваа Одлука ќе почнат да се применуваат 16.05.2025 година.

Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.
Одлука да се објави на интернет страната на Банката и за истата да се известат клиентите на начинот уреден во актите на Банката.

УО. број:0202/2-64/2025
06.05.2025 година

УПРАВЕН ОДБОР

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ 1